# Политика за локални содржини

*Визија: Тхор Импекс е посветен на развојот на обновлива енергија од ветер на начин што ги максимизира придобивките од проектот преку интегрирање на локалните содржини во синџирот на снабдување за проектот.*

Локалните содржини се дефинирани како *„употреба на работна сила, добра и услуги кои потекнуваат од Република Северна Македонија и вклучува трансфер на вештини и/или технологија од меѓународни партнери до локалните добавувачи со цел да се подобри нивната способност да обезбедуваат добра и услуги за проектот“.*

Локалните содржини може да ги имаат следниве форми:

- локално трошење на средства и вработување во области со директно влијание;
- обука и менторство на локалната работна сила заради создавање трансфер на вештини;
- развој на вештини и градење на капацитетите на локалните добавувачи и заедници;
- инвестиции во физичка и институционална инфраструктура (на пр. објекти за обука/одржување); и
- развој на долгорочни одржливи партнерства.

Тхор Импекс и неговите добавувачи ќе ги подготват критериумите за избор пред доделувањето на договорите. Ова може да вклучува фактори како што се здравјето, безбедноста и состојбата со животната средина, конкурентност на цените, способност да се исполнат квалитетот и квантитетот на работите, условите за гаранција, како и услугите и поддршката. Покрај тоа, ќе се проценат и понудите за локални содржини и домашните врски за секој добавувач и изведувач.

## Клучни обврски:

Локалните содржини ќе бидат поддржани колку што е можно повеќе во однос на следново:

- Да се користат услуги и суровини од Република Северна Македонија и производи произведени во Република Северна Македонија, сè додека овие услуги и производи се достапни според цени што се конкурентни на меѓународно ниво и според квалитетот, гаранциите и испораката, кои се исто така конкурентни.
- Приоритетно да се вработуваат државјани/жители/добавувачи од непосредната зона на влијание (дефинирана како: селата Богословец, Делишинци, Кадрифаково, Амзабегово, Криви дол и Доброшани; и персонал/добавувачи од општина Свети Николе и општина Штип) за да се пополнат неквалификуваните работни места, под платежни услови во согласност со локалната пракса во Северна Македонија;
- Да им се даде предност на државјаните/жителите на Северна Македонија, обезбедувајќи докази за квалификациите и искуството што се потребни на квалификувани, раководни и високи раководни позиции;
- Барањата за транспарентен, етички и меѓународно прифатен процес на набавка, во согласност со барањата на меѓународните институции за финансирање, ова ќе вклучува обезбедување еднакви можности за пристап до сите локални набавки и заедници.
- Со цел да се одржува динамиката на проектот и технолошката усогласеност, од време на време, проектот ќе користи единствен извор на добра и услуги;

- За да се обезбеди разумна помош за регионалниот развој, помош за локалните региони, како и да се создадат нови деловни можности и можности за вработување, преку можности за работа со мали и средни добавувачи.

## Одговорност:

Севкупната и крајната одговорност за локалните содржини и набавките е на директорот на проектот.

Директорот на проектот е одговорен за соодветна комуникација на политиката за локални содржини до добавувачите и за комуникација на можностите за вработување и набавките од локалната заедница.

Секојдневната одговорност дека оваа политика ќе биде применета во пракса е делегирана на релевантните добавувачи.

| | |
|---|---|
| **Одобрено на:** 14/6/21 | **Б. Лазаревски**<br>**директор на проектот**<br>**Тхор Импекс дооел** |

Друштво за трговија и услуги ТХОР ИМПЕКС СКОПЈЕ експорт-импорт ДОО